| 37 | 463 | Трансфери до невладини организации | 400.000 | 670.000 | 167,50% | 1.070.000 |
| | 463110 | Трансфери до здруженија на граѓани и фондации | 400.000 | 670.000 | 167,50% | 1.070.000 |
| 38 | 464 | Разни трансфери | 420.000 | 570.000 | 135,71% | 990.000 |
| | 464990 | Други трансфери | 420.000 | 570.000 | 135,71% | 990.000 |
| | Л0 | Спорт и рекреација | 3.060.000 | 1.720.000 | 56,21% | 4.780.000 |
| 39 | 423 | Материјали и ситен инвентар | 0 | 300.000 | 0,00% | 300.000 |
| | 423990 | Други материјали | 0 | 300.000 | 0,00% | 300.000 |
| 40 | 426 | Други тековни расходи | 0 | 30.000 | 0,00% | 30.000 |
| | 426990 | Други оперативни расходи | 0 | 30.000 | 0,00% | 30.000 |
| 41 | 463 | Трансфери до невладини организации | 2.700.000 | 1.390.000 | 51,48% | 4.090.000 |
| | 463110 | Трансфери до здруженија на граѓани и фондации | 1.200.000 | 1.390.000 | 115,83% | 2.590.000 |
| | ЛАО | Изградба на спортски центар Црешево - Стајковци | 15.000.000 | -14.000.000 | -93,33% | 1.000.000 |
| 42 | 482 | Други градежни објекти | 15.000.000 | -14.000.000 | -93,33% | 1.000.000 |
| | 482920 | Изградба на други објекти | 15.000.000 | -14.000.000 | -93,33% | 1.000.000 |
| | В1 | Детски градинки | 4.920.000 | -1.000.000 | -20,33% | 3.920.000 |
| 43 | 427 | Привремени вработувања | 3.000.000 | -1.000.000 | -33,33% | 2.000.000 |
| | 427110 | Привремени вработувања | 3.000.000 | -1.000.000 | -33,33% | 2.000.000 |

Напомена: Представени се само ставките/подставките кај кои се предлага измени во износите со рамки на ребалансот.

На расходната страна на Основниот Буџет, се предлага зголемување во подпрограмата **ДО – Градоначалник**, во вкупен износ од 180.000 денари и се предлага истата да изнесува 4.440.000 денари.

Во подпрограмата **Е0 – Општинска администрација**, се предлага намалување за износ од вкупно 7.350.000 денари и се предлага да изнесува 109.129.000 денари. Подетално на ниво на подставка сите измени од оваа подпрограмата се образложени во погоре дадениот детален приказ на измените на расходите по подставки на Основниот Буџет.

Во подпрограмата **ЕА – Капитални трошоци на општината**, се предлага намалување на расходите во износ од 1.800.000 денари и истата се предлага да изнесува 4.200.000,00 денари.

Во подпрограмата **Ф1 – Урбанистичко планирање**, се предлага зголемување на расходите во износ од 3.250.000 денари согласно предложените измени во оваа подпрограма која се предлага да изнесува вкупно 8.850.000 денари.

Во подпрограмата **Ф2 – Уредување на градежно земјиште**, се предлага зголемување на расходите во износ од 4.500.000 денари согласно предложените измени во оваа подпрограма која се предлага да изнесува вкупно 5.250.000 денари.

Во подпрограмата **ФА0 – Уредување на градежно земјиште (Капитални трошоци)** , се предлага зголемување на расходите во износ од 50.423.845 денари согласно предложените измени во оваа подпрограма а вкупниот износ би изнесувал 88.053.845 денари.

Се предлага измена односно намалување во развојната потпрограма **ФАБ – Градежно земјиште (Паркинг во н.м. Автокоманда)** за 5.000.000,00 денари.

Во подпрограмата **Г1 – Поддршка на локалниот економски развој**, се предлага усогласување на средствата на ниво на потставка во износ од 5.500.000 денари во рамки на истата ставка 489 - Капитални субвенции за претпријатија и невладини организации.

Во подпрограмата **Ј3 – Јавно осветлување**, се предлага зголемување на расходите во износ од 18.000.000 денари согласно предложените измени во оваа подпрограма која се предлага да изнесува вкупно 33.500.000 денари.

Во подпрограмата **Ј4 – Јавно осветлување**, се предлага зголемување на расходите во износ од 7.860.000 денари согласно предложените измени во оваа подпрограма која се предлага да изнесува вкупно 15.860.000 денари.

Во подпрограмата **Ј8 – Други комунални услуги**, се предлага зголемување во износ од 13.700.000 денари, согласно предложените измени во оваа подпрограма при што вкупниот износ би изнесувал 21.700.000 денари.

Во Развојната подпрограма **ЈИО – Изградба на системи за одвод. на атмосверски води во н.м. Триангла**, се предлага намалување на расходите во износ од 4.000.000 денари согласно предложените измени во оваа подпрограма која се предлага да изнесува вкупно 1.000.000 денари.

Во Развојната подпрограма **ЈИА – Изградба на системи за одводнување и пречистување на отпадни води за н.м Трубарево**, се предлага намалување на расходите во износ од 10.000.000 денари согласно предложените измени во оваа подпрограма која се предлага да изнесува вкупно 10.000.000 денари.

Во подпрограмата **К4 – Културни манифестации и творештво**, се предлага зголемување на расходите во износ од 4.250.000 денари согласно предложените измени во оваа подпрограма која се предлага да изнесува вкупно 5.900.000 денари.

Во подпрограмата **Л0 – Спорт и рекреација**, се предлага зголемување на расходите во износ од 1.720.000 денари согласно предложените измени во оваа подпрограма која се предлага да изнесува 4.780.000 денари.

Во Развојната подпрограма **ЛА0 – Изградба на спортски центар Цршево – Стајковци**, се предлага намалување на расходите во износ од 14.000.000 денари согласно предложените измени во оваа подпрограма која се предлага да изнесува 1.000.000 денари.

Во подпрограмата **В1 – Детски градинки**, се предлага намалување на расходите во износ од 1.000.000 денари согласно предложените измени во оваaа подпрограма која се предлага да изнесува вкупно 3.920.000 денари.

## Измени во расходите од дотации

| РАСХОДИ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА | | | БУЏЕТ | РЕБАЛАНС | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Р.бр | Конто | Програма / Ставка | 2019 година | Ребаланс - износ | % на промена | Ребалансиран износ |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| | | **ВКУПНО РАСХОДИ ОД БЛОК ДОТАЦИИ** | **398.600.000** | **37.950.000** | **9,52%** | **436.550.000** |
| | **Н1** | **Основно образование** | **307.660.000** | **19.560.000** | **6,36%** | **327.220.000** |
| 1 | 421 | **Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт** | **22.610.000** | **5.990.000** | **26,49%** | **28.600.000** |
| | 421110 | Електрична енергија | 5.130.000 | 990.000 | 19,30% | 6.120.000 |
| | 421210 | Централно греење | 7.500.000 | 1.000.000 | 13,33% | 8.500.000 |
| | 421240 | Течни горива | 5.280.000 | 4.000.000 | 75,76% | 9.280.000 |
| 2 | 423 | **Материјали и ситен инвентар** | **4.440.000** | **2.770.000** | **62,39%** | **7.210.000** |
| | 423110 | Канцелариски материјали | 750.000 | 770.000 | 102,67% | 1.520.000 |
| | 423120 | Списанија, весници и други изданија | 400.000 | 500.000 | 125,00% | 900.000 |
| | 423610 | Наставно образовни помагала | 600.000 | 500.000 | 83,33% | 1.100.000 |
| | 423710 | Средства за одржување на хигиена | 600.000 | 500.000 | 83,33% | 1.100.000 |
| | 423720 | ситен инветар, алат и др. Материјали | 300.000 | 500.000 | 166,67% | 800.000 |
| 3 | 424 | **Поправки и тековно одржување** | **29.500.000** | **9.130.000** | **30,95%** | **38.630.000** |
| | 424210 | Одржување на згради | 18.000.000 | 9.130.000 | 50,72% | 27.130.000 |
| 4 | 425 | **Договорни услуги** | **7.760.000** | **1.670.000** | **21,52%** | **9.430.000** |
| | 425250 | Осигурување на недвижности | 100.000 | 200.000 | 200,00% | 300.000 |
| | 425420 | примарна здравствена заштита | 250.000 | 400.000 | 160,00% | 650.000 |
| | 425490 | Други здравствени услуги | 50.000 | 570.000 | 1140,00% | 620.000 |
| | 425710 | Обука за техничка култура | 50.000 | 100.000 | 200,00% | 150.000 |
| | 425730 | инструктори за кратки курсеви | 20.000 | 100.000 | 500,00% | 120.000 |
| | 425920 | Услуги за копирање, печатење и издавање | 150.000 | 200.000 | 133,33% | 350.000 |
| | 425980 | Надзор над одржување на изградба | 50.000 | 100.000 | 200,00% | 150.000 |
| | **В1** | **Детски градинки** | **90.940.000** | **18.390.000** | **20,22%** | **109.330.000** |
| 5 | 401 | **Основни плати** | **47.000.000** | **3.300.000** | **7,02%** | **50.300.000** |
| | 401130 | Основни плати | 43.500.000 | 3.000.000 | 6,90% | 46.500.000 |
| | 401310 | Персонален данок на доход од плата | 3.500.000 | 300.000 | 8,57% | 3.800.000 |
| 6 | 402 | **Придонеси за социјално осгурување** | **17.100.000** | **2.290.000** | **13,39%** | **19.390.000** |
| | 402110 | Основни придонеси за ПИО | 11.000.000 | 1.290.000 | 11,73% | 12.290.000 |
| | 402190 | Други придонеси за ПИО | 0 | 1.000.000 | 0,00% | 1.000.000 |
| 7 | 423 | **Материјали и ситен инвентар** | **0** | **2.000.000** | **0,00%** | **2.000.000** |
| | 423990 | Други материјали | 0 | 2.000.000 | 0,00% | 2.000.000 |
| 8 | 425 | **Договорни услуги** | **200.000** | **200.000** | **100,00%** | **400.000** |
| | 423990 | Други материјали | 200.000 | 200.000 | 100,00% | 400.000 |
| 9 | 480 | **Купување на опрема и машини** | **0** | **800.000** | **0,00%** | **800.000** |
| | 480190 | Купување на друга опрема | 0 | 800.000 | 0,00% | 800.000 |
| 10 | 481 | **Градежни објекти** | **9.220.000** | **6.800.000** | **73,75%** | **16.020.000** |
| | 481230 | Реконструкција на деловни објекти | 9.220.000 | 6.800.000 | 73,75% | 16.020.000 |
| 11 | 482 | Други градежни објекти | **5.100.000** | **3.000.000** | **58,82%** | **8.100.000** |
| | 482930 | Реконструкција на други објекти | 5.100.000 | 3.000.000 | 58,82% | 8.100.000 |

Напомена: Представени се само ставките/подставките кај кои се предлага измени во износите со рамки на ребалансот.

Во делот на расходи од **Дотации** се предлага зголемување кое произлегува од пренесениот вишок на приходи од 2018 година на салдото на наменската сметка на блок дотациите на 01.01.2019 година во износ од 37.950.000 денари, со што вкупните расходи се зголемуваат на износ од 436.550.000 денари. Во рамки на расходите од

Дотации, кај **Програмата Н1 - Основно образование** се предлага зголемување од 19.560.000 денари со што вкупниот износ на планирани расходи би изнесувал 327.220.000 денари наменети за финансирање на активностите на основните училишта во Општина Гази Баба. Расходите за финансирање на активностите на детските градинки, **Програмата В1 - Детски градинки**, се пледлага да се зголемат за 18.390.000 денари со што вкупниот износ на оваа Програма би изнесувал 109.330.000 денари.

## Измени во расходите од донации

| РАСХОДИ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА | | | БУЏЕТ | РЕБАЛАНС | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Р.бр | Конто | Програма / Ставка | 2019 година | Ребаланс - износ | % на промена | Ребалансиран износ |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| | | ВКУПНО РАСХОДИ ОД ДОНАЦИИ | 13.420.000 | 120.000 | 0,89% | 13.540.000 |
| | В1 | Детски градинки | 1.760.000 | 50.000 | 2,84% | 1.810.000 |
| 1 | 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 0 | 50.000 | 0,00% | 50.000 |
| | 421440 | Транспорт на луѓе | 0 | 50.000 | 0,00% | 50.000 |
| | ВА | Социјална заштита и заштита на деца (капит.) | 0 | 70.000 | 0,00% | 70.000 |
| 2 | 482 | Други градежни објекти | 0 | 70.000 | 0,00% | 70.000 |
| | 482920 | Изградба на други објекти | 0 | 70.000 | 0,00% | 70.000 |

Напомена: Претставени се само ставките/подставките кај кои се предлага измени во износите со рамки на ребалансот.

Во делот на расходи од Донации, по доставено барање на детската градинка ,,25 Мај,, за вкупно зголемување од 120.000,00 денари со кое се предлага во **Подпрограмата В1 - Детски градинки** зголемување од 50.000,00 на ставката 421 – Транспорт на луѓе, додека кај **Подпрограмата ВА -** Социјална заштита и заштита на деца (капит.), се предлага зголемување за 70.000 денари на подставка 482- Други градежни објекти, при што расходите од донации вкупно би изнесувале 13.540.000 денари.

## Измени во расходите од самофинансирачки активности

| РАСХОДИ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА | | | БУЏЕТ | РЕБАЛАНС | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Р.бр | Конто | Програма / Ставка | 2019 година | Ребаланс - износ | % на промена | Ребалансиран износ |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| | | ВКУПНО РАСХОДИ ОД САМОФИНАНСИРАЧКИ АКИВНОСТИ | 45.000.000 | 10.060.000 | 22,36% | 55.060.000 |
| | | РАСХОДИ ОД САМОФИН. АКТИВНОСТИ ОСН. ОБРАЗОВАНИЕ | 9.350.000 | 1.261.500 | 13,49% | 10.611.500 |
| 1 | 420 | Патни и дневни расходи | 250.000 | 90.000 | 36,00% | 340.000 |
| 2 | 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 500.000 | 45.000 | 9,00% | 545.000 |
| 3 | 423 | Материјали и ситен инвентар | 2.000.000 | 620.000 | 31,00% | 2.620.000 |
| 4 | 425 | Договорни услуги | 2.000.000 | 6.500 | 0,32% | 2.006.500 |
| 5 | 426 | Други тековни расходи | 1.200.000 | 500.000 | 41,67% | 1.700.000 |
| | | КАПИТАЛНИ РАСХОДИ ОД САМОФИН. АКТИВНОСТИ ОСН. ОБРАЗОВАНИЕ | 4.550.000 | -1.261.500 | -27,73% | 3.288.500 |
| 6 | 482 | Други градежни објекти | 2.000.000 | -1.661.500 | -83,08% | 338.500 |
| 7 | 483 | Купување на мебел | 850.000 | 400.000 | 47,06% | 1.250.000 |
| | | РАСХОДИ ОД САМОФИН. АКТИВНОСТИ СОЦ. ЗАШТИТА | 29.600.000 | 8.660.000 | 29,26% | 38.260.000 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 8 | 423 | **Материјали и ситен инвентар** | 16.000.000 | 6.320.000 | **39,50%** | **22.320.000** |
| 9 | 424 | **Поправки и тековно одржување** | 4.000.000 | 1.840.000 | **46,00%** | **5.840.000** |
| 10 | 425 | **Договорни услуги** | 1.400.000 | 100.000 | **7,14%** | **1.500.000** |
| 11 | 426 | **Други тековни расходи** | 500.000 | 400.000 | **80,00%** | **900.000** |
| | | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ ОД САМОФИН. АКТИВНОСТИ СОЦ. ЗАШТИТА** | **1.500.000** | **1.400.000** | **93,33%** | **2.900.000** |
| 12 | 480 | **Купување на опрема и машини** | 300.000 | 1.050.000 | **350,00%** | **1.350.000** |
| 13 | 485 | **Вложувања и нефинансиски средства** | 0 | 350.000 | **0,00%** | **350.000** |

Напомена: Представени се само ставките/подставките кај кои се предлага измени во износите со рамки на ребалансот.

Во делот на тековни расходи од самофинансирачки активности по барање на основните училишта, се предлага зголемување во износ од 1.261.500 денари, додека кај капиталните расходи од самофинансирачки активности се предлага намалување за истиот износ од 1.661.500 денари. Кај тековни расходи од самофинансирачки активности по барања на детските градинки, се предлага зголемување во износ од 8.660.000 денари, а кај капиталните расходи од самофинансирачки активности се предлага зголемување во износ од 1.400.000 денари.

Во делот на **вкупните планирани приходи и расходи од кредити**, не се предлагаат дополнувања и измени, при што остануваат во истите износи како што се планирани во Буџетот за 2019 година.

**Сектор за финансиски прашања**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРЕДЛОГ - ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ЈКП ''ГАЗИ БАБА - 2007'' - СКОПЈЕ ЗА 2020 ГОДИНА**

1. Се објавува Одлуката за давање согласност на Одлуката за усвојување на Предлог - Годишниот план за вработување на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје за 2020 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 30.09.2019 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-3956/4**
**од 01.10.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 20-б став (2) од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на РМ" бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и "Службен весник на РСМ" бр.143/19), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), расправајќи по Одлуката за усвојување на Предлог-Годишниот план за вработување на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје за 2020 година, бр.02-141/7 од 30.08.2019 година, донесена од управниот одбор на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, Советот на Општина Гази Баба на Дваесет и деветтата седница одржана на ден 30.09.2019 година, донесе

# О Д Л У К А

## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРЕДЛОГ - ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ЈКП "ГАЗИ БАБА - 2007" - СКОПЈЕ ЗА 2020 ГОДИНА

### Член 1

Советот на Општина Гази Баба дава согласност на Одлуката за усвојување на Предлог-Годишниот план за вработување на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје за 2020 година, бр.02-141/7 од 30.08.2019 година, донесена од управниот одбор на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје.

### Член 2

Одлуката да се достави до ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје.

### Член 3

Се задолжува директорот на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, по влегување во сила на оваа одлука, да го донесе Годишниот план за вработување на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје за 2020 година и во законски определениот рок да го достави на мислење до Министерството за информатичко општество и администрација.

### Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-3831/6**
**од 30.09.2019 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА ЈУДГ "ДЕТСКА РАДОСТ" - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ, ЗА ПЕРИОД 2018/2019 ГОДИНА

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Годишен извештај за работа на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје, за период 2018/2019 година, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на ден 30.09.2019 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-3956/5**
**од 01.10.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 116 став (1) алинеја 2 од Законот за заштита на децата ("Службен весник на РМ" бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и "Службен весник на РСМ" бр.104/19 и 146/19), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), расправајќи по предложениот Годишен извештај за работа на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје, за период 2018/2019 година, Советот на Општина Гази Баба на Дваесет и деветтата седница одржана на ден 30.09.2019 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА ЈУДГ "ДЕТСКА РАДОСТ" - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ, ЗА ПЕРИОД 2018/2019 ГОДИНА**

1. Се усвојува Годишниот извештај за работа на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје, за период 2018/2019 година, предложен од управниот одбор на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје, со одлука бр.02-777/2 од 19.09.2019 година.

2. Заклучокот да се достави до управниот одбор на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје.

3. Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-3831/7**
**од 30.09.2019 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ЈУДГ "ДЕТСКА РАДОСТ" - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ, ЗА ПЕРИОД 2019/2020 ГОДИНА**

1. Се објавува Одлуката за донесување на Годишна Програма за работа на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје, за период 2019/2020 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 30.09.2019 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-3956/6**
**од 01.10.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 116 став (1) алинеја 2 од Законот за заштита на децата ("Службен весник на РМ" бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и "Службен весник на РСМ" бр.104/19 и 146/19), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), расправајќи по предложената Годишна Програма за работа на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје, за период 2019/2020 година, Советот на Општина Гази Баба на Дваесет и деветтата седница одржана на ден 30.09.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ЈУДГ "ДЕТСКА РАДОСТ" - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ, ЗА ПЕРИОД 2019/2020 ГОДИНА**

**Член 1**

Советот на Општина Гази Баба ја донесе Годишната Програма за работа на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје, за период 2019/2020 година, предложена од управниот одбор на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје, со одлука бр.02-777/3 од 19.09.2019 година.

**Член 2**

Одлуката да се достави до управниот одбор на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-3831/8**
**од 30.09.2019 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИК ЗА УТВРДУВАЊЕ НА КРИТЕРИУМИ ЗА ПРИЕМ НА ДЕЦА, НА ЈУДГ "ДЕТСКА РАДОСТ" - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ

1. Се објавува Одлуката за давање согласност на Одлуката за донесување на Правилник за утврдување на критериуми за прием на деца, на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 30.09.2019 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-3956/7**
**од 01.10.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 60 став (3) од Законот за заштита на децата ("Службен весник на РМ" бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и "Службен весник на РСМ" бр.104/19 и 146/19), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), расправајќи по Правилникот за утврдување на критериуми за прием на деца, на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје, Советот на Општина Гази Баба на Дваесет и деветтата седница одржана на ден 30.09.2019 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИК ЗА УТВРДУВАЊЕ НА КРИТЕРИУМИ ЗА ПРИЕМ НА ДЕЦА, НА ЈУДГ "ДЕТСКА РАДОСТ" - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ

**Член 1**

Советот на Општина Гази Баба дава согласност на Одлуката за донесување на Правилник за утврдување на критериуми за прием на деца, на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје, бр.02-777/5 од 19.09.2019 година, донесена од управниот одбор на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје.

**Член 2**

Одлуката да се достави до управниот одбор на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје.

**Член 3**

Со денот на влегување во сила на оваа одлука, престанува да важи Одлуката за давање согласност на Одлуката за донесување на Правилникот за утврдување на критериуми за прием на деца на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје, ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.14/13).

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-3831/9**
**од 30.09.2019 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА ЈУДГ "25 МАЈ" - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ, ЗА ПЕРИОД 2018/2019 ГОДИНА**

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Годишен извештај за работа на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје, за период 2018/2019 година, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на ден 30.09.2019 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-3956/8**
**од 01.10.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 116 став (1) алинеја 2 од Законот за заштита на децата ("Службен весник на РМ" бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и "Службен весник на РСМ" бр.104/19 и 146/19), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), расправајќи по предложениот Годишен извештај за работа на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје, за период 2018/2019 година, Советот на Општина Гази Баба на Дваесет и деветтата седница одржана на ден 30.09.2019 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА ЈУДГ "25 МАЈ" - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ, ЗА ПЕРИОД 2018/2019 ГОДИНА**

1. Се усвојува Годишниот извештај за работа на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје, за период 2018/2019 година, предложен од управниот одбор на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје, со одлука бр.02-383/5 од 20.09.2019 година.

2. Заклучокот да се достави до управниот одбор на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје.

3. Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-3831/10**
**од 30.09.2019 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ЈУДГ "25 МАЈ" - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ, ЗА ПЕРИОД 2019/2020 ГОДИНА**

1. Се објавува Одлуката за донесување на Годишна Програма за работа на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје, за период 2019/2020 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 30.09.2019 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-3956/9**
**од 01.10.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 116 став (1) алинеја 2 од Законот за заштита на децата ("Службен весник на РМ" бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и "Службен весник на РСМ" бр.104/19 и 146/19), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), расправајќи по предложената Годишна Програма за работа на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје, за период 2019/2020 година, Советот на Општина Гази Баба на Дваесет и деветтата седница одржана на ден 30.09.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ЈУДГ "25 МАЈ" - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ, ЗА ПЕРИОД 2019/2020 ГОДИНА**

**Член 1**

Советот на Општина Гази Баба ја донесе Годишната Програма за работа на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје, за период 2019/2020 година, предложена од управниот одбор на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје, со одлука бр.02-383/7 од 20.09.2019 година.

**Член 2**

Одлуката да се достави до управниот одбор на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-3831/11**
**од 30.09.2019 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИК ЗА УТВРДУВАЊЕ НА КРИТЕРИУМИ ЗА ПРИЕМ НА ДЕЦА, НА ЈУДГ ''25 МАЈ'' - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ**

1. Се објавува Одлуката за давање согласност на Одлуката за донесување на Правилник за утврдување на критериуми за прием на деца, на ЈУДГ ''25 Мај'' - Општина Гази Баба - Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 30.09.2019 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-3956/10**
**од 01.10.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 60 став (3) од Законот за заштита на децата ("Службен весник на РМ" бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и "Службен весник на РСМ" бр.104/19 и 146/19), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), расправајќи по Правилникот за утврдување на критериуми за прием на деца, на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје, Советот на Општина Гази Баба на Дваесет и деветтата седница одржана на ден 30.09.2019 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИК ЗА УТВРДУВАЊЕ НА КРИТЕРИУМИ ЗА ПРИЕМ НА ДЕЦА, НА ЈУДГ "25 МАЈ" - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ

**Член 1**

Советот на Општина Гази Баба дава согласност на Одлуката за донесување на Правилник за утврдување на критериуми за прием на деца, на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје, бр.02-383/9 од 20.09.2019 година, донесена од управниот одбор на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје.

**Член 2**

Одлуката да се достави до управниот одбор на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје.

**Член 3**

Со денот на влегување во сила на оваа одлука, престанува да важи Одлуката за давање согласност на Одлуката за донесување на Правилник за утврдување на критериуми за прием на деца на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје, ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.10/14).

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-3831/12**
**од 30.09.2019 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА РАБОТНИТЕ МЕСТА, ВО ЈУДГ ''25 МАЈ'' - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ**

1. Се објавува Одлуката за давање согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места, на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 30.09.2019 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-3956/11**
**од 01.10.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на РМ" бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18) а во врска со член 116 став (1) алинеја 8 од Законот за заштита на децата ("Службен весник на РМ" бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 2/17, 16/17, 21/18, 198/18 и "Службен весник на РСМ" бр.104/19), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), расправајќи по Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје, бр.01-383/11 од 20.09.2019 година и Одлуката за донесување Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје, бр.02-383/12 од 20.09.2019 година, донесени од управниот одбор на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје, Советот на Општина Гази Баба на Дваесет и деветтата седница одржана на ден 30.09.2019 година, донесе

# О Д Л У К А

## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА РАБОТНИТЕ МЕСТА, ВО ЈУДГ "25 МАЈ" - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ

### Член 1

Советот на Општина Гази Баба дава согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје, бр.01-383/11 од 20.09.2019 година, донесен од управниот одбор на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје, со одлука бр.02-383/12 од 20.09.2019 година.

### Член 2

Одлуката да се достави до управниот одбор на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје.

### Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-3831/13**
**од 30.09.2019 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ПРЕТСТАВНИЦИ ОД СОВЕТОТ НА РОДИТЕЛИ, ВО УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈУДГ "25 МАЈ" - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ**

1. Се објавува Одлуката за изменување на Одлуката за именување на претставници од советот на родители, во управниот одбор на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 30.09.2019 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-3956/12**
**од 01.10.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 114 став (17) од Законот за заштита на децата ("Службен весник на РМ" бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и "Службен весник на РСМ" бр.104/19 и 146/19), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), постапувајќи по Одлуката на советот на родители за утврдување на предлог за именување на претставник на советот на родители во управниот одбор на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје, бр.02-373/7 од 16.09.2019 година, Советот на Општина Гази Баба на Дваесет и деветтата седница одржана на ден 30.09.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ПРЕТСТАВНИЦИ ОД СОВЕТОТ НА РОДИТЕЛИ, ВО УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈУДГ "25 МАЈ" - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ**

**Член 1**

Во Одлуката за именување на претставници од советот на родители, во управниот одбор на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.15/17), во член 1 став (1) алинеја 2 зборовите "БЕТИ БЛАЖЕВСКА" се заменуваат со зборовите: "**ИРЕНА ЈОСЕВСКА**".

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-3831/14**
**од 30.09.2019 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА УСЛОВИТЕ, НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ОБЈЕКТИТЕ ЗА СПОРТ ВО СОПСТВЕНОСТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

1. Се објавува Правилникот за изменување на Правилникот за условите, начинот и постапката за користење на објектите за спорт во сопственост на Општина Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на ден 30.09.2019 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-3956/13**
**од 01.10.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 10, член 62 став (1) и член 67 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 3 став (2) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост ("Службен весник на РМ" бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и "Службен весник на РСМ" бр.101/19), член 63 и член 65 од Законот за спортот ("Службен весник на РМ" бр.29/02, 66/04, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16, 190/16 и "Службен весник на РСМ" бр.98/19), член 30 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Дваесет и деветтата седница одржана на ден 30.09.2019 година, донесе

## П Р А В И Л Н И К

## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА УСЛОВИТЕ, НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ОБЈЕКТИТЕ ЗА СПОРТ ВО СОПСТВЕНОСТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

### Член 1

Во Правилникот за условите, начинот и постапката за користење на објектите за спорт во сопственост на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.16/18), членот 30 се менува и гласи:

" (1) Корисникот кој инвестирал за оплеменување на објектот за спорт, со одобрение на Градоначалникот на Општина Гази Баба, може инвестицијата да ја пребива со надоместокот на користење, но не подолго од три години од склучувањето на договорот за користење на објектот за спорт.

(2) Кон барањето за користење на објект за спорт барателот е должен да достави Инвестициона програма со вредност на инвестицијата и временска рамка за нејзина реализација.

(3) Проценката на вредноста на инвестицијата за оплеменување на објектот за спорт од ставот (1) на овој член ја врши овластен судски проценител определен од Општина Гази Баба.

(4) Објектот за спорт во кој корисникот инвестирал за негово оплеменување се дава на користење најмногу до десет години.

(5) Доколку објектот за спорт се наоѓа во основно училиште, Градоначалникот на Општина Гази Баба ги определува термините за негово користење во согласност со воспитно-образовниот процес на основото училиште.

(6) Доколку објектот за спорт не се наоѓа во основно училиште, Градоначалникот на Општина Гази Баба ги определува термините за негово користење во согласност со јавниот ред и мир во населеното место. "

### Член 2

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-3831/15**
**од 30.09.2019 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ БЕЗ НАДОМЕСТ НА НЕДВИЖНА СТВАР - ДЕЛОВЕН ПРОСТОР, НА ЈАВНА УСТАНОВА ГРАДСКА БИБЛИОТЕКА "БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ" - СКОПЈЕ**

1. Се објавува Одлуката за отстапување на трајно користење без надомест на недвижна ствар - деловен простор, на Јавна установа Градска Библиотека "Браќа Миладиновци" - Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 30.09.2019 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-3956/14**
**од 01.10.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 3 став (2) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост ("Службен весник на РМ" бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и "Службен весник на РСМ" бр.101/19), член 36 став (1) точка 10 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Дваесет и деветтата седница одржана на ден 30.09.2019 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ БЕЗ НАДОМЕСТ НА НЕДВИЖНА СТВАР - ДЕЛОВЕН ПРОСТОР, НА ЈАВНА УСТАНОВА ГРАДСКА БИБЛИОТЕКА ''БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ" - СКОПЈЕ

### Член 1

Општина Гази Баба на ЈУ Градска Библиотека "Браќа Миладиновци" - Скопје и отстапува на трајно користење без надомест недвижна ствар - деловен простор дел од зграда број 1, влез 1, приземје, на КП 1040 КО Гази Баба, со површина од 94 м² изграден на ул."Лазар Поп Трајков" бб. - Скопје.

### Член 2

Деловниот простор од член 1 на оваа одлука во сопственост на Општина Гази Баба како дел од објект на културен центар во вкупна површина од 543 м², е изграден врз основа на правосилно одобрение за градење УП1 бр.28-3099/2016 од 02.09.2016 година, правосилно решение за измени во текот на градбата УП1 бр.28-386/2017 од 19.10.2017 година, завршен извештај од надзорен инженер бр.08-411/2 од 21.03.2018 година и запишана во имотен лист бр.46438 за КП 1040 КО Гази Баба.

Во согласност со Геодетскиот елаборат за запишување на правата на недвижностите кои во системското запишување останале незапишани, бр.1101-675/3-17 од 15.11.2017 година, изработен од Друштво за геодетски услуги "Геопроект плус инженеринг" ДООЕЛ Скопје, отстапениот деловен простор е по следната нотификација и површини: ДП 1 - 10,63 м²; ДП 2 - 10,63 м² и ДП 3 - 72,74 м².

Скиците на деловните простории од ставот (1) на овој член се составен дел на оваа одлука.

### Член 3

Деловните простории од член 1 став (1) на оваа одлука се даваат на ЈУ Градска библиотека "Браќа Миладиновци" - Скопје под услов за користење за библиотека во согласност со закон.

### Член 4

Се задолжува општинската администрација со записник да изврши предавање на недвижната ствар во владение, помеѓу Општина Гази Баба и ЈУ Градска Библиотека "Браќа Миладиновци" - Скопје.

### Член 5

Се овластува Градоначалникот на Општина Гази Баба, врз основа на претходно составен записник за предавање во владение од член 4 на оваа одлука, со директорот на ЈУ Градска Библиотека "Браќа Миладиновци" - Скопје, да склучи договор за отстапување на трајно користење без надомест на недвижната ствар - деловен простор, со кој ќе се уредат правата и обврските за користење на недвижната ствар.

**Член 6**

Кога деловните простории од член 1 став (1) на оваа одлука се користат спротивно на намената од член 3 на оваа одлука, ќе се смета дека ЈУ Градска Библиотека "Браќа Миладиновци" - Скопје не го исполнила условот за користење за библиотека, што е основа за раскинување на договорот за отстапување на трајно користење без надомест на недвижната ствар - деловен простор од страна на Градоначалникот на Општина Гази Баба и основа за престанок на правото на користење за што одлучува Советот на Општина Гази Баба.

**Член 7**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-3831/16**
**од 30.09.2019 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ ЦС 09, ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ**

1. Се објавува Одлуката за изменување и дополнување на Детален урбанистички план за Градска четврт ЦС 09, Општина Гази Баба - Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 30.09.2019 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-3956/15**
**од 01.10.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 39 став (5) и став (9) и член 42 став (3), став (5) и став (7) од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), член 22 став (1) точка 1 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Дваесет и деветтата седница одржана на ден 30.09.2019 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ ЦС 09, ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ

### Член 1

Со оваа одлука се изменува и дополнува Деталниот урбанистички план за Градска четврт ЦС 09, Општина Гази Баба - Скопје.

Одлуката за изменување и дополнување на Деталниот урбанистички план за Градска четврт ЦС 09, Општина Гази Баба - Скопје, ги почитува одредбите на Просторниот план на РМ, Генералниот урбанистички план на град Скопје 2012-2022 год. ("Службен гласник на Град Скопје" бр.18/12) Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), Правилникот за поблиската содржина, форма и начин на обработка на генерален урбанистички план,детален урбанистички план, урбанистички план за село, урбанистички план вон населено место и регулациски план на генерален урбанистички план, формата, содржината и начинот на обработка на урбанистичко-плански документации и архитектонско-урбанистичкиот проект и содржината, формата и начинот на обработка на проектот за инфраструктура ("Службен весник на РМ" бр.142/15) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

### Член 2

Со оваа одлука се опфаќа простор со површина од 31,09 ха кој е во рамките на следните граници:

Границите на планскиот опфат се следните:

- **Северозапад:** по осовина на булевар "Александар Македонски" В.09 - В.10;
- **Исток:** по осовина на ул."Интернционални бригади" В.10 - С.16;
- **Југ:** по осовина на булевар "АСНОМ" С.15 - С.16;
- **Запад:** по осовина на ул."Беласица" С.5 - Б.09.

Границата на планскиот опфат е прикажана со линија која ги поврзува сите прекршни точки, означени со редни броеви од 1 до 71 кои се дадени табеларно со X и Y координати:

| СПИСОК НА КООРДИНАТИ НА ДЕТАЛНИ ТОЧКИ КОИ ГО ДЕФИНИРААТ ОПФАТОТ | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на точка | У [m] | X [m] | Број на точка | У [m] | X [m] | Број на точка | У [m] | X [m] |
| 1 | 7537722.85 | 4650385.07 | 25 | 7538363.14 | 4650360.48 | 49 | 7538565.12 | 4650518.21 |
| 2 | 7537768.23 | 4650373.88 | 26 | 7538384.13 | 4650353.39 | 50 | 7538562.18 | 4650596.97 |
| 3 | 7537783.27 | 4650371.35 | 27 | 7538404.86 | 4650345.58 | 51 | 7538561.90 | 4650602.33 |
| 4 | 7537797.36 | 4650369.31 | 28 | 7538425.32 | 4650337.06 | 52 | 7538560.88 | 4650613.03 |
| 5 | 7537815.53 | 4650367.26 | 29 | 7538445.47 | 4650327.86 | 53 | 7538559.27 | 4650623.65 |
| 6 | 7537833.76 | 4650365.87 | 30 | 7538465.30 | 4650317.97 | 54 | 7538556.52 | 4650665.01 |
| 7 | 7537852.02 | 4650365.15 | 31 | 7538484.77 | 4650307.42 | 55 | 7538553.47 | 4650704.26 |
| 8 | 7537870.30 | 4650365.10 | 32 | 7538489.96 | 4650304.37 | 56 | 7538554.06 | 4650710.16 |
| 9 | 7537893.65 | 4650366.00 | 33 | 7538516.28 | 4650348.57 | 57 | 7538554.15 | 4650716.09 |
| 10 | 7537906.84 | 4650366.96 | 34 | 7538523.48 | 4650359.70 | 58 | 7538552.31 | 4650746.14 |
| 11 | 7537921.01 | 4650368.27 | 35 | 7538531.15 | 4650370.50 | 59 | 7538549.10 | 4650854.99 |
| 12 | 7538079.10 | 4650385.91 | 36 | 7538535.15 | 4650375.78 | 60 | 7538397.77 | 4650817.38 |
| 13 | 7538097.30 | 4650387.79 | 37 | 7538543.51 | 4650386.06 | 61 | 7538267.01 | 4650785.33 |
| 14 | 7538122.64 | 4650389.89 | 38 | 7538551.56 | 4650395.52 | 62 | 7538137.10 | 4650754.07 |
| 15 | 7538144.77 | 4650390.97 | 39 | 7538555.27 | 4650400.57 | 63 | 7538039.81 | 4650730.47 |
| 16 | 7538166.92 | 4650391.30 | 40 | 7538557.10 | 4650403.41 | 64 | 7537973.69 | 4650714.69 |
| 17 | 7538189.07 | 4650390.87 | 41 | 7538560.37 | 4650409.32 | 65 | 7537935.42 | 4650705.16 |
| 18 | 7538211.20 | 4650389.68 | 42 | 7538563.10 | 4650415.50 | 66 | 7537895.53 | 4650695.87 |
| 19 | 7538233.27 | 4650387.74 | 43 | 7538565.28 | 4650421.89 | 67 | 7537856.42 | 4650687.42 |
| 20 | 7538255.26 | 4650385.06 | 44 | 7538566.15 | 4650425.15 | 68 | 7537817.12 | 4650681.70 |
| 21 | 7538277.14 | 4650381.62 | 45 | 7538566.96 | 4650429.50 | 69 | 7537811.88 | 4650681.36 |
| 22 | 7538298.90 | 4650377.44 | 46 | 7538567.28 | 4650433.92 | 70 | 7537745.48 | 4650469.63 |
| 23 | 7538320.50 | 4650372.52 | 47 | 7538567.26 | 4650436.14 | 71 | 7537735.05 | 4650431.75 |
| 24 | 7538341.92 | 4650366.86 | 48 | 7538565.04 | 4650495.98 | | | |

**Член 3**

Изменувањето и дополнувањето на Деталниот урбанистички план за Градска четврт ЦС 09, Општина Гази Баба - Скопје, со тех.бр.ИНГ 034-04-2018 од Јуни 2019 година, изработен од Градежен Институт "Македонија" А.Д.-Скопје , содржи:

**ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА**........................................................ 12
Текстуален дел........................................................................ 13
• Површина и опис на границите на планскиот опфат со географско и геодетско одредување на неговото подрачје............................................ 13
• Историјат на планирањето и уредувањето на подрачјето на планскиот опфат................................................................................ 15
• Податоци за природни чинители................................................ 15
  Географски податоци.............................................................. 16
  Геолошки и Геомеханички, податоци.......................................... 16
  Климатски и микроклиматстски услови на регионот......................... 16
  Релјефни карактеристики.......................................................... 17
  Хидрографија........................................................................ 18
  Сеизмика на просторот............................................................ 18
  Вегетациски карактеристики и пејзаж........................................ 18
• Податоци за создадени вредности................................................ 18
• Инвентаризација и снимање на земјиштето и зеленилото во планскиот опфат, на изградениот градежен фонд и вкупната физичка супраструктура..... 19
  Намена на земјиштето и инвентаризација на градежен фонд................ 26
  Билансни показатели................................................................ 29

- Инвентаризација и снимање на постојни споменички целини и градби од културно историско значење........................................ 27
- Инвентаризација и снимање на изградената комунална инфраструктура..... 27
  Сообраќајна мрежа........................................ 30
  Комунална инфраструктура........................................ 31
- Анализа на степен на реализација на важечкиот урбанистички план, со анализа на проблеми во функционирањето и просторен развој на подрачјето во рамките на планскиот опфат........................................ 33
- Анализа на можностите за просторен развој на планскиот опфат.......... 34
- Други податоци и информации од субјектите од член 32 од Законот за просторно и урбанистичко планирање релевантни за постојната/планирана состојба во планискиот опфат........................................ 35

Нумерички дел

- Нумерички Показатели........................................ 80
- Потврда за одобрена Планска Програма........................................ 81
- Насловна страна на Одобрена планска програма........................................ 82


**ГРАФИЧКИ ДЕЛ**

**ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА**


1.1. Извод од ГУП на град Скопје........................................ 84
1.2. Извод од постоен ДУП........................................ 174
1.3 Потврда и одобрен Проект за инфраструктура........................................ 265
1.4 Меморандум на соработка,одлука за прием и отстапување и Сообраќајна студија........................................ 273
2. Збирен графички прилог со нанесени плански решенија од донесени урбанистички планови, урбанистичко планска документација и одобрени урбанистички проекти, архитектонско урбанистички проекти, проекти за инфраструктура и др........................................ 282
3. Ажурирана геодетска подлога 1: 1000........................................ 283
4. Инвентаризација на изградениот градежен фонд и вкупната физичка супраструктура со анализа на состојбата 1:1000........................................ 287
6. Инвентаризација на изградената комуналната инфраструктура 1:1000....... 288

**ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА**........................................ 289

- Вид на план, назив на подрачјето на планскиот и плански период....... 290
- Опис и образложение на планскиот концепт за просториот развој и хармонизација на просторот........................................ 292
- Опис и образложение на плански решенија за изградба и наменска употреба на земјиштето........................................ 293
- Опис и образложение на планските решенија за изградба на сообраќајната и комунална инфраструктура........................................ 299
- Сообраќајна инфраструктура........................................ 299

Нивелациско решение

Хидротехничка инфраструктура........................................ 307

Електро-енергетска и телекомуникациска инфраструктура
и јавно осветлување........................................................................................ 310
4.4.Гасификација...................................................................................... 313
- Општи услови за изградба, развој и користење на земјиштето за градби кои важат за целиот плански опфат.............................................. 313
- Посебни услови за изградба..................................................................... 320

Нумерички дел................................................................................................ 407

- Нумерички показатели.............................................................................. 408
- Билансни показатели................................................................................ 411
- Мерки за заштита...................................................................................... 419

**ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА**

1.3. План за намена на земјиштето и градби,1: 1000.................................. 426
1.4. Регулационен план и план 1: 1000......................................................... 427
1.5. План на површини за градење 1: 1000.................................................. 428
1.5 Сообраќаен и нивелациски план 1:1000............................................... 429
1.6 Инфраструктурен план (хидротехничка инфраструктура) 1:1000........ 430
1.7 Инфраструктурен план (електротехничка инфраструктура)1:1000...... 431
1.8 Инфраструктурен план (topловодна и гасна инфраструктура)1:1000.. 432
1.9 План за зеленило.................................................................................... 433
Синтезен план 1: 1000.................................................................................. 434

Графичките прилози, текстуалниот дел и параметрите за уредување на просторот се составен дел на планот, направени според Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), Правилникот за поблиската содржина, форма и начин на обработка на генерален урбанистички план,детален урбанистички план, урбанистички план за село, урбанистички план вон населено место и регулациски план на генерален урбанистички план, формата, содржината и начинот на обработка на урбанистичко-плански документации и архитектонско-урбанистичкиот проект и содржината, формата и начинот на обработка на проектот за инфраструктура ("Службен весник на РМ" бр.142/15) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

**Член 4**

Одлуката за изменување и дополнување на Деталниот урбанистички план задолжително се прикачува во електронска форма во информацискиот систем е-урбанизам од страна на донесувачот на планот.

**Член 5**

Донесувачот на Одлуката за изменување и дополнување на Деталниот урбанистички план е должен примерок од донесениот Детален урбанистички план во електронска форма да го објави на својата веб страна.

**Член 6**

Донесената одлука за изменување и дополнување на Детален урбанистички план се применува по прикачување на одлуката за изменување и дополнување на Детален урбанистички план во електронска форма во информацискиот систем е-урбанизам, од страна на донесувачот на планот и по извршеното дигитално преклопување на урбанистичкиот план од страна на Агенцијата за катастар на недвижности.

**Член 7**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-3831/17**
**од 30.09.2019 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА ООУ "ВЕРА ЈОЦИЌ" - СКОПЈЕ, ЗА УЧЕБНАТА 2019/2020 ГОДИНА**

1. Се објавува Одлуката за донесување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за работа на ООУ "Вера Јоциќ" - Скопје, за учебната 2019/2020 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 30.09.2019 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-3956/16**
**од 01.10.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 108 став (1) алинеја 2 од Законот за основното образование ("Службен весник на РСМ" бр.161/19), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), расправајќи по предложената Програма за изменување и дополнување на Програмата за работа на ООУ "Вера Јоциќ" - Скопје, за учебната 2019/2020 година, бр.01-346/3 од 27.08.2019 година, предложена од училишниот одбор на ООУ "Вера Јоциќ" - Скопје, со одлука бр.02-385/3 од 27.08.2019 година, Советот на Општина Гази Баба на Дваесет и деветтата седница одржана на ден 30.09.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА ООУ "ВЕРА ЈОЦИЌ" - СКОПЈЕ, ЗА УЧЕБНАТА 2019/2020 ГОДИНА**

**Член 1**

Советот на Општина Гази Баба ја донесе Програмата за изменување и дополнување на Програмата за работа на ООУ "Вера Јоциќ" - Скопје, за учебната 2019/2020 година, бр.01-346/3 од 27.08.2019 година, предложена од училишниот одбор на ООУ "Вера Јоциќ" - Скопје, со одлука бр.02-385/3 од 27.08.2019 година.

**Член 2**

Одлуката да се достави до училишниот одбор на ООУ "Вера Јоциќ" - Скопје.

**Член 3**

Се задолжува училишниот одбор, одлуката за донесување на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за работа на ООУ "Вера Јоциќ" - Скопје, за учебната 2019/2020 година и Програмата за изменување и дополнување на Програмата за работа на ООУ "Вера Јоциќ" - Скопје, за учебната 2019/2020 година, бр.01-346/3 од 27.08.2019 година, предложена од училишниот одбор на ООУ "Вера Јоциќ" - Скопје, со одлука бр.02-385/3 од 27.08.2019 година, во електронска форма да ги достави до Бирото за развој на образованието и Државниот просветен инспекторат.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-3831/18**
**од 30.09.2019 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

### ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ ПЛАН ЗА 4 (ЧЕТВРТИ) КВАРТАЛ ОД 2019 ГОДИНА НА ЈУДГ "ДЕТСКА РАДОСТ" - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ, ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА 2 (ДВА) ПРОЕКТИ: "ЕРАЗМУС + КЛУЧНА АКЦИЈА 2, СТРАТЕШКИ ПАРТНЕРСТВА ЗА УЧИЛИШНА РАЗМЕНА"

1. Се објавува Одлуката за одобрување на финансиски план за 4 (четврти) квартал од 2019 година на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје, за реализација на 2 (два) проекти: "Еразмус + клучна акција 2, стратешки партнерства за училишна размена", што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 30.09.2019 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-3956/17**
**од 01.10.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), постапувајќи по барањето за одобрување на финансиски план за 4 (четврти) квартал од 2019 година на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје, бр.08-3920/1 од 27.09.2019 година, Советот на Општина Гази Баба на Дваесет и деветтата седница одржана на ден 30.09.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ ПЛАН ЗА 4 (ЧЕТВРТИ) КВАРТАЛ ОД 2019 ГОДИНА НА ЈУДГ ''ДЕТСКА РАДОСТ'' - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ, ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА 2 (ДВА) ПРОЕКТИ: ''ЕРАЗМУС + КЛУЧНА АКЦИЈА 2, СТРАТЕШКИ ПАРТНЕРСТВА ЗА УЧИЛИШНА РАЗМЕНА''**

**Член 1**

Советот на Општина Гази Баба го одобрува финансискиот план за 4 (четврти) квартал од 2019 година на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје, за реализација на 2 (два) проекти: "Еразмус + клучна акција 2, стратешки партнерства за училишна размена", врз основа на барање за одобрување на финансиски план за 4 (четврти) квартал од 2019 година на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба – Скопје, бр.08-3920/1 од 27.09.2019 година.

**Член 2**

Реализацијата на **првиот** проект: "Еразмус + клучна акција 2, стратешки партнерства за училишна размена" од член 1 од оваа одлука со регистарски број 2019-1-ПЛО1-КА229-065638_2 е во надлежност на Полската Национална Агенција, со одобрени средства во висина од 26.765,00 евра, донаторска сметка: 777010203878555.

**Член 3**

Реализацијата на **вториот** проект: "Еразмус + клучна акција 2, стратешки партнерства за училишна размена" од член 1 од оваа одлука со регистарски број 2019-1-ЕСО1-КА229-063998_2 е во надлежност на Шпанската Национална Агенција, со одобрени средства во висина од 18.045,00 евра, донаторска сметка: 777010203878540.

**Член 4**

Реализацијата на проектите е во период од септември 2019 година до октомври 2021 година.

**Член 5**

Одлуката да се достави до в.д директорот на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-3831/19**
**од 30.09.2019 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ПРОДОЛЖЕН ДНЕВЕН ПРЕСТОЈ И ОДОБРУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ОДДЕЛЕНСКИ НАСТАВНИК ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ДНЕВНИОТ ПРЕСТОЈ НА ООУ ''КИРИЛ И МЕТОДИЈ'' - СКОПЈЕ, ЗА УЧЕБНАТА 2019/2020 ГОДИНА**

1. Се објавува Одлуката за давање согласност за организирање на продолжен дневен престој и одобрување на финансиски средства за вработување на одделенски наставник за потребите на дневниот престој на ООУ ''Кирил и Методиј'' - Скопје, за учебната 2019/2020 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 30.09.2019 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-3956/18**
**од 01.10.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 22 став (1) точка 8 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) а во врска со член 158 став (1) од Законот за основното образование ("Службен весник на РСМ" бр.161/19) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), постапувајќи по барањето на ООУ "Кирил и Методиј" - Скопје, бр.09-3899/1 од 26.09.2019 година, Советот на Општина Гази Баба на Дваесет и деветтата седница одржана на ден 30.09.2019 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ПРОДОЛЖЕН ДНЕВЕН ПРЕСТОЈ И ОДОБРУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ОДДЕЛЕНСКИ НАСТАВНИК ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ДНЕВНИОТ ПРЕСТОЈ НА ООУ "КИРИЛ И МЕТОДИЈ" - СКОПЈЕ, ЗА УЧЕБНАТА 2019/2020 ГОДИНА

### Член 1

Советот на Општина Гази Баба дава согласност за организирање на продолжен дневен престој и одобрува финансиски средства за вработување на 1 (еден) одделенски наставник за потребите на дневниот престој на ООУ "Кирил и Методиј" - Скопје, за учебната 2019/2020 година, врз основа барање на ООУ "Кирил и Методиј" - Скопје, бр.09-3899/1 од 26.09.2019 година

### Член 2

Дел од финансиските средства за вработување на одделенскиот наставник од член 1 од оваа одлука се обезбедени од Буџетот на Општина Гази Баба за 2019 година, а дел ќе бидат предвидени и обезбедени во Буџетот на Општина Гази Баба за 2020 година.

### Член 3

Одлуката да се достави до директорот и училишниот одбор на ООУ "Кирил и Методиј" - Скопје.

### Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-3831/20**
**од 30.09.2019 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ПРОДОЛЖЕН ДНЕВЕН ПРЕСТОЈ И ОДОБРУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ОДДЕЛЕНСКИ НАСТАВНИК ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ДНЕВНИОТ ПРЕСТОЈ НА ООУ "СТИВ НАУМОВ" - СКОПЈЕ, ЗА УЧЕБНАТА 2019/2020 ГОДИНА**

1. Се објавува Одлуката за давање согласност за организирање на продолжен дневен престој и одобрување на финансиски средства за вработување на одделенски наставник за потребите на дневниот престој на ООУ "Стив Наумов" - Скопје, за учебната 2019/2020 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 30.09.2019 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-3956/19**
**од 01.10.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 22 став (1) точка 8 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) а во врска со член 158 став (1) од Законот за основното образование ("Службен весник на РСМ" бр.161/19) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), постапувајќи по барањето на ООУ "Стив Наумов" - Скопје, бр.18-3901/1 од 26.09.2019 година, Советот на Општина Гази Баба на Дваесет и деветтата седница одржана на ден 30.09.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ПРОДОЛЖЕН ДНЕВЕН ПРЕСТОЈ И ОДОБРУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ОДДЕЛЕНСКИ НАСТАВНИК ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ДНЕВНИОТ ПРЕСТОЈ НА ООУ "СТИВ НАУМОВ" - СКОПЈЕ, ЗА УЧЕБНАТА 2019/2020 ГОДИНА**

**Член 1**

Советот на Општина Гази Баба дава согласност за организирање на продолжен дневен престој и одобрува финансиски средства за вработување на 1 (еден) одделенски наставник за потребите на дневниот престој на ООУ "Стив Наумов" - Скопје, за учебната 2019/2020 година, врз основа барање на ООУ "Стив Наумов" - Скопје, бр.18-3901/1 од 26.09.2019 година.

**Член 2**

Дел од финансиските средства за вработување на одделенскиот наставник од член 1 од оваа одлука се обезбедени од Буџетот на Општина Гази Баба за 2019 година, а дел ќе бидат предвидени и обезбедени во Буџетот на Општина Гази Баба за 2020 година.

**Член 3**

Одлуката да се достави до директорот и училишниот одбор на ООУ "Стив Наумов" - Скопје.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-3831/21**
**од 30.09.2019 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

## **Р Е Ш Е Н И Е**

## **ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА НАДОМЕСТОК НА ТРОШОЦИ ЗА ПРЕСТОЈ И ИСХРАНА НА СЕМЕЈСТВО ОД ОПОЖАРЕН ДОМ**

1. Се објавува Одлуката за одобрување на финансиски средства за надоместок на трошоци за престој и исхрана на семејство од опожарен дом, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 30.09.2019 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-3956/20**
**од 01.10.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) а во врска со член 2 од Одлуката за користење на средствата од постојана и тековна резерва ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.15/17), и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Дваесет и деветтата седница одржана на ден 30.09.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА НАДОМЕСТОК НА ТРОШОЦИ ЗА ПРЕСТОЈ И ИСХРАНА НА СЕМЕЈСТВО ОД ОПОЖАРЕН ДОМ**

**Член 1**

Советот на Општина Гази Баба одобрува финансиски средства од Буџетот на Општина Гази Баба за покривање на трошоците за сместување и исхрана во Државен студентски Дом "Томе Стефановиќ - Сениќ" на 1 (едно) семејство од опожарен дом на подрачјето на Општина Гази Баба **(од населено место Трубарево)**, за период до останати 8 месеци кои не се опфатени со претходната одлука донесена од Советот на Општина Гази Баба, а се однесува на истото семејство за во тековната 2019 година.

**Член 2**

За реализација на оваа одлука, се одобруваат средства во вкупен износ до 384.000,00 денари со вклучен ДДВ, односно месечно по 48.000,00 денари по доставена фактура од Државен студентски Дом "Томе Стефановиќ - Сениќ", кои ќе се исплатат од Буџетот на Општина Гази Баба за 2019 година.

**Член 3**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Гази Баба да ја спроведе оваа одлука.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-3831/22**
**од 30.09.2019 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Статутарно-правна комисија**
**Бр.09-3928/1 од 30.09.2019 година**
СКОПЈЕ

По извршеното срамнување на изворниот текст на Програмата за локален економски развој на Општина Гази Баба за 2019 година, бр.09-5635/54 од 24.12.2018 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.22/18), донесена на Осумнаесеттата седница на Советот на Општина Гази Баба, одржана на 24.12.2018 година, сторена е техничка грешка, поради што согласно член 123 став (1) алинеја 6 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Статутарно-правната комисија на Советот на Општина Гази Баба, ја дава следната

**ИСПРАВКА**

1. Во табеларниот дел на програмата, во ред 7 - "Бизнис иновативен ден - предизвик за студенти иноватори преку финансиска поддршка на иновативни идеи на студенти од факултетите во ОГБ" стои: "0,00", треба да стои: **"400.000,00".**

2. Во колона Буџет на ОГБ, во делот "вкупно" стои: "9.000.000,00", треба да стои: **"9.400.000,00"** и во колона и ред вкупно стои: "11.360.000,00", треба да стои: **"11.760.000,00"**.

3. Оваа исправка ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.15/19 и станува составен дел на Програмата за локален економски развој на Општина Гази Баба за 2019 година, бр.09-5635/54 од 24.12.2018 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.22/18).

**СТАТУТАРНО - ПРАВНА КОМИСИЈА**

**Претседател,**
**Александар Трајковски, с.р.**

# СОДРЖИНА

**ПРОГРАМА** за изменување на Програмата за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2019 година . . . . 4

**ОДЛУКА** за поништување на Одлуката за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2019 година . . . . . . . . . . 24

**ОДЛУКА** за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2019 година . . . . . . . . . . 26

**ОДЛУКА** за давање согласност на Одлуката за усвојување на Предлог-Годишниот план за вработување на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје за 2020 година . . . . . . . . . . 90

**ЗАКЛУЧОК** за усвојување на Годишен извештај за работа на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје, за период 2018/2019 година . . . . . . . . . . 92

**ОДЛУКА** за донесување на Годишна Програма за работа на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје, за период 2019/2020 година . . . . . . . . . . 94

**ОДЛУКА** за давање согласност на Одлуката за донесување на Правилник за утврдување на критериуми за прием на деца, на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје . . . . . . . . . . 96

**ЗАКЛУЧОК** за усвојување на Годишен извештај за работа на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје, за период 2018/2019 година . . . . . . . . . . 98

**ОДЛУКА** за донесување на Годишна Програма за работа на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје, за период 2019/2020 година . . . . . . . . . . 100

**ОДЛУКА** за давање согласност на Одлуката за донесување на Правилник за утврдување на критериуми за прием на деца, на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје . . . . . . . . . . 102

**ОДЛУКА** за давање согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места, на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје . . . . . . . . . . 104

**ОДЛУКА** за изменување на Одлуката за именување на претставници од советот на родители, во управниот одбор на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје . . . . . . . . . . 106

**ПРАВИЛНИК** за изменување на Правилникот за условите, начинот и постапката за користење на објектите за спорт во сопственост на Општина Гази Баба . . . . . . . . . . 108

Издавач: Општина Гази Баба | главен и одговорен уредник: Васко Апостоловски
ул. Архимедова бр.2 - Скопје | тел: 3 22 28 76, 3 22 56 55 | тираж: 10 примероци

# СОДРЖИНА


**ОДЛУКА** за отстапување на трајно користење без надомест на недвижна ствар - деловен простор, на Јавна установа Градска Библиотека "Браќа Миладиновци" - Скопје . . . . . . . . . . 110

**ОДЛУКА** за изменување и дополнување на Детален урбанистички план за Градска четврт ЦС 09, Општина Гази Баба - Скопје . . . . . . . . . . 113

**ОДЛУКА** за донесување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за работа на ООУ "Вера Јоциќ" - Скопје, за учебната 2019/2020 година . . . . . . . . . . 119

**ОДЛУКА** за одобрување на финансиски план за 4 (четврти) квартал од 2019 година на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје, за реализација на 2 (два) проекти: "Еразмус + клучна акција 2, стратешки партнерства за училишна размена" . . . . . . . . . . 121

**ОДЛУКА** за давање согласност за организирање на продолжен дневен престој и одобрување на финансиски средства за вработување на одделенски наставник за потребите на дневниот престој на ООУ "Кирил и Методиј" - Скопје, за учебната 2019/2020 година . . . . . . . . . . 123

**ОДЛУКА** за давање согласност за организирање на продолжен дневен престој и одобрување на финансиски средства за вработување на одделенски наставник за потребите на дневниот престој на ООУ "Стив Наумов" - Скопје, за учебната 2019/2020 година . . . . . . . . . . 125

**ОДЛУКА** за одобрување на финансиски средства за надоместок на трошоци за престој и исхрана на семејство од опожарен дом . . . . . . . . . . 127

**ИСПРАВКА** . . . . . . . . . . 128



**"Службен гласник на Општина Гази Баба" бр. 15/19**
**29 седница**

Издавач: Општина Гази Баба | главен и одговорен уредник: Васко Апостоловски
ул. Архимедова бр.2 - Скопје | тел: 3 22 28 76, 3 22 56 55 | тираж: 10 примероци